Врз основа на Член 12 став (1) точка 3 од Статутот на НУ Национална опера и балет Скопје, а во врска со Член 70 став (7) од Законот за култура и Решението бр. УП1 21-722/2025 од 11.02.2026 година донесено од министерот за култура и туризам, по претходна согласност на Управниот одбор, директорот на Националната установа Национална опера и балет Скопје ја донесе,

**ГОДИШНАТА ПРОГРАМА**
за работа на установата за 2026 година

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАСПРЕДЕЛЕНИ СРЕДСТВА ПО ПРОЕКТИ

| Ред.бр. | ОПИС | МКД | |
|---|---|---|---|
| 1. | **Проекти од областа на музичка и музичко – сценска дејност** | | **43.000.000** |
| **а)** | **буџетски средства во програма 40 - музичка и музичко – сценска дејност и расходна ставка 464 – разни трансфери на Министерството за култура и туризам**<br>1. МЕЃУНАРОДЕН ОПЕРСКИ ФЕСТИВАЛ „МАЈСКИ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ“ – 54ТО ИЗДАНИЕ<br>2. ОРЕВОКРШАЧКА (БАЛЕТ) ПРЕМИЕРА<br>3. РОМЕО И ЈУЛИЈА (БАЛЕТ) ПРЕМИЕРА<br>4.СЕСТРА АНЏЕЛИКА“ И „ЏАНИ СКИКИ“ (премиера) - две оперски едничинки<br>5. ТРАДИЦИОНАЛЕН КОНЦЕРТ ПО ПОВОД ПРАЗНИКОТ „ВАСИЛИЦА“<br>6. АНГАЖИРАЊЕ НА БАЛЕТСКИ ПЕДАГОЗИ-РЕПЕТИТОРИ, ПРВЕНЦИ И СОЛИСТИ<br>7. ТЕКОВЕН РЕПЕРТОАР НА ОПЕРАТА И БАЛЕТОТ<br>8. АНГАЖИРАЊЕ НА ШЕФ ДИРИГЕНТ ЗА СЕЗОНА | **34.300.000** | |
| **б)** | **од сметката 631, програма 40 - музичка и музичко – сценска дејност и расходна ставка 464 – разни трансфери на Министерството за култура и туризам;**<br>1.ПОТРОШЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ ВО ЛИЧНА СОПСТВЕНОСТ И СОПСТВЕНОСТ НА НУ.НОБ<br>2. ИСПЛАТА НА КИРИЈА ЗА ИНСТРУМЕНТИ ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ<br>3.НАБАВКА НА ШПИЦ ПАТИКИ И БАЛЕТСКА | **8.700.000** | |



Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
А: Бул. Гоце Делчев бр.4 1000 Скопје / Blvd.Goce Delchev 4, 1000 Skopje
Т: +389 2 3114-908 E: direkcija@operabalet.mk
www.operabalet.mk
НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
OPERA DHE BALETI NACIONAL
NATIONAL OPERA & BALLET

ОПРЕМА
4. МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА И ЗА РАБОТАТА НА УСТАНОВАТА
5. ОТПРЕМНИНА И СОЛИДАРНА ПОМОШ

| | | |
|---|---|---|
| в) | **буџетски средства од програма 90, меѓународна соработка и расходна ставка 464 – разни трансфери на Министерството за култура и туризам;**<br>1.ГОСТУВАЊЕ НА ОПЕРАТА НА НУ НОБ СО ПРЕТСТАВАТА „НАБУКО“ НА ХЕРАКЛИОН, КРИТ (Р. ГРЦИЈА)<br>2.ТУРНЕЈА НА БАЛЕТОТ НА МОБ СО БАЛЕТСКИТЕ ПРЕТСТАВИ „ЗАСПАНАТА УБАВИЦА“ И „ ОРЕВОКРШАЧКА“ ВО ХОЛАНДИЈА, БЕЛГИЈА И ГЕРМАНИЈА<br>3.ТУРНЕЈА НА БАЛЕТОТ НА МОБ СО БАЛЕТСКИТЕ ПРЕТСТАВИ „ЛЕБЕДОВО ЕЗЕРО“ И „ ЖИЗЕЛ“ ВО ХОЛАНДИЈА, БЕЛГИЈА И ГЕРМАНИЈА<br>4. НАСТАП НА БАЛЕТОТ ВО РАМКИ НА ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА ВО АНТВЕРПЕН, Р. БЕЛГИЈА | **10.000.000** |
| д) | **буџетски средства во програма 94, европски интеграции и расходна ставка 464 – разни трансфери на Министерството за култура и туризам**<br>1. НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ ЧЛЕН НА ОПЕРА ЕВРОПА-ПРОФЕСИОНАЛНА АСОЦИЈАЦИЈА НА ОПЕРСКИ КОМПАНИИ И ФЕСТИВАЛИ ВО ЕВРОПА | **210.000** |



Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
А: Бул. Гоце Делчев бр.4 1000 Скопје / Blvd.Goce Delchev 4, 1000 Skopje
Т: +389 2 3114-908 Е: direkcija@operabalet.mk
www.operabalet.mk
НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
OPERA DHE BALETI NACIONAL
NATIONAL OPERA & BALLET

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА 2026 ГОДИНА
### НАРАТИВЕН ПРИКАЗ ПО ПРОЕКТИ

## А) ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА МУЗИЧКА И МУЗИЧКО – СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ

### 1. МЕЃУНАРОДЕН ОПЕРСКИ ФЕСТИВАЛ „МАЈСКИ ОПЕРСКИ ВЕЧЕРИ“ – 54ТО ИЗДАНИЕ

Мајските оперски вечери, почнувајќи од 1972 година, се симбол на културното светско богатство на уметничката, оперско-балетска традиција, која во нашата земја се презентира и развива повеќе од седум декади. Благодарение на актуелната програмска политика, фестивалот не само што опстојува туку и се развива низ годините, привлекувајќи нови генерации на гледачи, љубители на операта и балетот.

Фестивалската програма на 54тите „Мајски оперски вечери“ под иста програмско сценарио ќе презентира реномирани уметници од светската оперска сцена. Претставите дел од фестивалската програма за 2026 година се: Премиера на двете оперски едночинки „Сестра Анџелика“ и „ Џани Скики“ од Пучини на 09-ти мај со што ќе се отвори фестивалот, и „Набуко“ – Верди на 31-ви, со што традиционално ќе се затвори фестивалот. Фестивалската програма дополнително ќе се достави.

Планираните финансиски средства се неопходни за реализација на фестивалската програма и за сé што се подразбира под реализација како: реномирани гости диригенти, гости солисти, средства за пат и сместување, умножување на нотен материјал, амортизација на сценски и костимски елементи, хемиско чистење, сценска опрема за визуелни ефекти, вокален тренер, репрезентативен материјал, фото и видео документирање на изведбите, изработка на комуникациски графички решенија, со цел промовирање на фестивалот и програмската содржина на сите расположливи канали за комуникација со акцент на маркетинг промоција на социјалните мрежи и платформи, печатење на каталог/брошура, по потреба хонорарно ангажирање на лица за продукцски потреби од доменот на уметничко-изведбената реализација и од доменот на сценско-техничката реализација и други трошоци кои се неопходни за реализацијата на фестивалот.

### 2. ОРЕВОКРШАЧКА (ПРЕМИЕРА) - БАЛЕТ

„Оревокршачка“ на Петар Илич Чајковски е еден од најпознатите и најомилените балети на сите времиња, кој традиционално се поврзува со



Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia

А: Бул. Гоце Делчев бр.4 1000 Скопје / Blvd.Goce Delchev 4, 1000 Skopje
Т: +389 2 3114-908 Е: direkcija@operabalet.mk
www.operabalet.mk

НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
OPERA DHE BALETI NACIONAL
NATIONAL OPERA & BALLET

празничната сезона и семејната публика. Инспириран од бајката „Оревокршачка и Кралот на глувците“ од Е.Т.А. Хофман, а адаптирана од Александар Дима, ова дело плени со фантастичната атмосфера, лиричната музика и балетскиот волшебен свет.

Новата постановка на „Оревокршачка“ во продукција на НУ Национална опера и балет има за цел да понуди свежа визуелна естетика и современа сценска интерпретација, задржувајќи ја традиционалната магија и класичната форма. Балетот претставува важна алатка за културно едуцирање и воведување на најмладата публика во светот на сценските уметности, а истовремено нуди предизвик и можност за ангажирање на целиот балетски ансамбл.

Поставката ќе биде реализирана со учество на домашен изведувачки состав и продукциски тим, со можност за соработка со странски педагози и уметници. Претставата е планирана за декемвриската сезона, со цел да стане дел од редовната празнична понуда и да придонесе кон развојот на семејна и детска публика.
Креативен тим: Кореограф: Саша Евтимова, Сценограф: Марија Ветеровска, Костимограф: Марија Пупучевска

3. РОМЕО И ЈУЛИЈА (ОБНОВА) - БАЛЕТ

Балетот „Ромео и Јулија“ е еден од најемотивните и најрепрезентативни балети во историјата на класичната уметност, со музика од Сергеј Прокофјев. Обновата на оваа продукција има за цел да го реактивира балетскиот репертоар со дела кои се добро прифатени од публиката и кои нудат силен визуелен и изведувачки потенцијал. Програмската цел е да се задржи високиот уметнички стандард и да се овозможи нова естетска читливост на претставата преку современо осмислени костими, сценографија и изведба.

4. „СЕСТРА АНЏЕЛИКА“ И „ЏАНИ СКИКИ“ (ПРЕМИЕРА) – две оперски едночинки

Оперите „Сестра Анџелика“ и „Џани Скики“ од Џакомо Пучини се две едночинки кои заедно со „Плаштот“ го сочинуваат познатиот оперски триптих Il Trittico. Во оваа продукција на Националната опера и балет, се поставуваат како драмски контрастен диптих кој нуди богата уметничка и емоционална палета: од духовната и трагична внатрешна драма на монахињата Анџелика до саркастичната и комична измама на снаодливиот Џани Скики.



Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
А: Бул. Гоце Делчев бр.4 1000 Скопје / Blvd.Goce Delchev 4, 1000 Skopje
Т: +389 2 3114-908 Е: direkcija@operabalet.mk
www.operabalet.mk
НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
OPERA DHE BALETI NACIONAL
NATIONAL OPERA & BALLET

Со оваа постановка, НУ НОБ ја збогатува својата понуда со ретко изведувани, но мошне силни наслови од доцниот творечки период на Пучини, кои нудат висока драмска ефективност и музичка експресија. Продукцијата е планирана како премиерна изведба што ќе го отвори 54-тото издание на Меѓународниот оперски фестивал „Мајски оперски вечери“.
Во реализацијата се предвидува ангажман на домашни и интернационални изведувачи, вокален тренер, диригент и креативен тим за сценско-визуелна поставка, со цел да се обезбеди современ, естетски и уметнички релевантен израз.
Креативниот тим на двете оперски едночинки го сочинуваат:
Режисер: Пјер Франческо Маестрини (Италија) Сценограф: Гилермо Нова (Италија) Костимограф: Кристина Ачети (Италија).
Станува збор за уметници со богато меѓународно искуство, кои заедно ја креираа современата и визуелно впечатлива поставка на класичната Вердиева опера „Риголето“ за Националната опера и балет. Продукцијата беше свечено изведена на 9 мај 2025, како отворање на 53-тото издание на Мајските оперски вечери.

5. ТРАДИЦИОНАЛЕН КОНЦЕРТ ПОВОД ПРАЗНИКОТ ВАСИЛИЦА
Традиционалниот концерт по повод празникот Василица ќе биде свечен музичко-сценски настан во Националната опера и балет, кој ќе се изведува во два термини – на 12 и 13 јануари 2026 година.

6. АНГАЖИРАЊЕ НА БАЛЕТСКИ РЕПЕТИТОРИ-ПЕДАГОЗИ, БАЛЕТСКИ ПРВЕНЦИ И СОЛИСТИ ОД СТРАНСТВО
Зголемениот број на балетски премиери, претстави од тековниот репертоар како и планираните меѓународни гостувања, но пред сѐ подобрување на програмската понуда со нови уметници, но и квалитетен сценски израз, подразбира агажирање на репетитори-педагози, балетски првенеци и солисти од странство.

7. ТЕКОВЕН РЕПЕРТОАР НА ОПЕРАТА И БАЛЕТОТ
Преку „Тековниот репетоар на операта и балетот“ го следиме трендот за одржливост со изведби на веќе добро пласирани претстави. За 2026 година уметничкото раководство ги планира претставите: „Кавалерија Рустикана“, „Паљачи“, „Мадам Батерфлај“, „Тоска“, „Набуко“, „Норма“„ „Турандот“, два или повеќе „Гала оперски концерт “, Гостување на хорот во Филхармонија на 20 јуни, „Лице од ѕвезди“, „Жизел“, „Дон Кихот“, „Шехерезада“, „Лебедово езеро“ „Оревокршачка“, „Рајмонда“, „Петар пан“, „Есмералда“„Доктор Офболи“, „Дамата со камелии“, „Сестра Анџелика“ и „Џани Скики“, „Лилјакот“, „Госпоѓа Бовари“, „Ромео и Јулија“, Гостување низ Републиката (Куманово, Кичево и


Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
A: Бул. Гоце Делчев бр.4 1000 Скопје / Blvd.Goce Delchev 4, 1000 Skopje
T: +389 2 3114-908 E: direkcija@operabalet.mk
www.operabalet.mk
НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
OPERA DHE BALETI NACIONAL
NATIONAL OPERA & BALLET

други градови согласно меѓусебни договори со центрите за култура и останатите театри и фестивали низ РСМ.

Со цел нивна реализација доделените средства се наменети за покривање на продукциски трошоци како: покана на гости солисти, гости диригенти, вокален тренер кој преку индивидуален пристап и работа со оперските солисти ќе допринесе унапредување на техничките и уметничките способности што би резултирало со подобрување на нивната вокална и сценска интерпретација на ликовите/улогите, одржување на инструменти *(репарација, интервенција, поправки и одржување на инструментите, одржувања и штимање на клавири)*, дополнителна сценска опрема за сценски аудио-визуелни ефекти, хемиско чистење, амортизација на костимски и сценографски елементи, хонорарно ангажирање на лица за реализација на продукциски потреби од доменот на уметничката изведбена реализација (хористи, балетски уметници) како и од доменот на сценско-техничката потреба и други трошоци поврзани со реализација на тековниот репертоар на операта и балетот на НУ. НОБ за 2026 година.

Согласно меѓусебни договори со центрите за култура и останатите театри и фестивали низ РСМ (*Скопско лето, Охридско лето, ДММ, Есенски музички свечености и др.* ) е основа за креирање на понуди за гостување низ државата (*пример: концертни изведни за опера / балет или помали камерни опери, гала оперски концерти, концерти на камерниот оркестар на НУ НОБ, балетски претстави со кои може да се анимира младата публика*) за кои сметаме дека е активност со која НУ НОБ делува одговорно во процесот на децентрализација на оперско-балетската сценска уметност.

8. АНГАЖИРАЊЕ НА ШЕФ ДИРИГЕНТ

Ангажирањето на шеф диригент за сезоната носи квалитет, континуитет и единствен уметнички правец во изведбите на ансамблот. Со шеф диригент кој го познава ансамблот, се создава и продлабочува креативна синергија меѓу музичарите и диригентот, што резултира со доследен и подобрен музички израз. Освен тоа, шеф диригентот има капацитет да привлече нова публика и да ги постави темелите за долгорочен развој на репертоарот и имиџот на институцијата.

## Б) ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА МУЗИЧКА И МУЗИЧКО – СЦЕНСКА ДЕЈНОСТ

1. ПОТРОШЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ИНСТРУМЕНТИ ВО ЛИЧНА СОПСТВЕНОСТ И СОПСТВЕНОСТ НА НУ НОБ



Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia

A: Бул. Гоце Делчев бр.4 1000 Скопје / Blvd.Goce Delchev 4, 1000 Skopje
T: +389 2 3114-908 E: direkcija@operabalet.mk
www.operabalet.mk

НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
OPERA DHE BALETI NACIONAL
NATIONAL OPERA & BALLET

2.ИСПЛАТА НА КИРИЈА ЗА ИНСТРУМЕНТИ ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ

3. НАБАВКА НА ШПИЦ ПАТИКИ И БАЛЕТСКА ОПРЕМА

4.МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА И ЗА РАБОТАТА НА УСТАНОВАТА

5. ОТПРЕМНИНА И СОЛИДАРНА ПОМОШ

**В)ПРОЕКТИ ОД ПРОГРАМА 90, МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

1. ГОСТУВАЊЕ НА ОПЕРАТА НА НУ НОБ СО ПРЕТСТАВАТА „НАБУКО“ НА ХЕРАКЛИОН, КРИТ (Р. ГРЦИЈА)

2. ТУРНЕЈА НА БАЛЕТОТ НА МОБ СО БАЛЕТСКИТЕ ПРЕТСТАВИ „ЗАСПАНАТА УБАВИЦА“ И „ ОРЕВОКРШАЧКА“ ВО ХОЛАНДИЈА, БЕЛГИЈА И ГЕРМАНИЈА

3. ТУРНЕЈА НА БАЛЕТОТ НА МОБ СО БАЛЕТСКИТЕ ПРЕТСТАВИ „ЛЕБЕДОВО ЕЗЕРО“ И „ ЖИЗЕЛ“ ВО ХОЛАНДИЈА, БЕЛГИЈА И ГЕРМАНИЈА

4. НАСТАП НА БАЛЕТОТ ВО РАМКИ НА ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА ВО АНТВЕРПЕН, Р. БЕЛГИЈА

**Д) ПРОЕКТИ ОД ПРОГРАМА 94 – ЕВРОПСКИ ИНТЕГРАЦИИ**

1. НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ ЧЛЕН НА ОПЕРА ЕВРОПА – ПРОФЕСИОНАЛНА АСОЦИЈАЦИЈА НА ОПЕРСКИ КОМПАНИИ И ФЕСТИВАЛИ ВО ЕВРОПА

Овој проект подразбира уплата на годишно членство во релевантна меѓународна организација во рамките на Европска унија, ОПЕРА ЕВРОПА – професионална асоцијација на оперски компании и фестивали во ЕвропаОпера Европа е водечка услужна организација, асоцијација за професионални оперски компании и оперски фестивали низ цела Европа. НУ Национална опера и балет е официјален член на организацијата од 2022 година.



Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia

А: Бул. Гоце Делчев бр.4 1000 Скопје / Blvd.Goce Delchev 4, 1000 Skopje
T: +389 2 3114-908 E: direkcija@operabalet.mk
www.operabalet.mk

НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
OPERA DHE BALETI NACIONAL
NATIONAL OPERA & BALLET

Образложение

Согласно член 70 од Законот за култура, Националната установа Национална опера и балет, на 30.06.2025 година, достави до Министерството за култура и туризам, Нацрт годишна програма за работа за 2026 година со Допис бр. УП1 21-722 од 30.06.2025, и измена и дополнување на Нацрт годишната програма со Допис бр. УП1 21-722 од 23.12.2025 година.
Со Решение бр. УП1 21-722/2025 од 11.02.2026 година, донесено од министерот за култура и туризам, а по претходна Одлука за избор на национални установи во 2026 на кои работењето ќе се финансира со делегиран буџет бр. 53-997/1 од 30.01.2026 година, утврдена е висината на финансиските средства за работа на Националната установа Национална опера и балет – Скопје за 2026 година во износ од 53.210.000 (педесет и три милиони двесте и десет илјади) денари.

Директор
Оливер Арсовски

Изработил:
Евица Тасеска Каранфилова,
програмски раководител

Скопје, февруари, 2026 година



Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia

А: Бул. Гоце Делчев бр.4 1000 Скопје / Blvd.Goce Delchev 4, 1000 Skopje
Т: +389 2 3114-908 E: direkcija@operabalet.mk
www.operabalet.mk

НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
OPERA DHE BALETI NACIONAL
NATIONAL OPERA & BALLET